РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-519/1 од 28.01.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за извршена незаконска приватизација на катастарска парцела, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-519/1 од 28.01.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.01.2026 година, поднесена е пријава со наводи за извршена незаконска приватизација на катастарска парцела и оформен е предмет бр. 12-519/1 од 28.01.2026 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомненија дека била извршена незаконска приватизација на катастарска парцела на бр. ---- КО ---- - ----.

Видно од имотниот лист и историскиот преглед доставени во прилог на пријавата, било очигледно дека била приватизирана друга парцела, односно ----, а сите нивни дејствија за стекнување на имот биле за катастарска парцела ---- од истата катастарска општина (во имотниот лист), согласно Решение за

приватизација Уп.бр. ---- од ---- година на Министерството за финансии, Управа за имотно - правни работи Карпош.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Министерството за финансии, Управа за имотно – правни работи Карпош (понатаму: УИПР Карпош) и Агенцијата за катастар за недвижности (понатаму: АКН).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Како барател во постапката за приватизација, најпрво се појавува лицето ----, но истиот во текот на постапката го продал својот објект (куќа) на лицето ---- од ----, којшто го продолжил барање за приватизација согласно член 28-г од Законот за приватизација и закуп на државно земјиште.
Видно од барањето за приватизација предмет на барањето се КП ---- КО ---- во површина од 31 м2 запишано во Имотен лист бр. ---- КО ---- и КП ---- КО ---- во површина од 246м2 запишано во Имотен лист број ---- КО ---- од издаден од АКН Скопје, а согласно Геодетски елаборат за нумерички податоци изготвен од ---- бр. ---- од ---- година.
Двете парцели се дел од градежната парцела опишана во доставениот елаборат и на предметната градежна парцела како единствен сопственик на објект се јавува барателот ---- со што согласно УИПР Карпош биле исполнети условите од член 2 став 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ", бр. 4/05, бр. 13/07, бр. 165/08, бр. 146/09, бр. 18/11, бр.51/11, бр.27/14, 144/14, 153/15, 178/16 и 120/18) кој гласи:
*"Корисници на градежно земјиште" се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа, а е запишано во катастарот на недвижности до 15.06.2016 година и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Македонија согласно со Законот за основните сопственосноправни односи*

*(„Службен лист на СФРЈ" број 6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште („Службен весник на СРМ" број 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), Законот за промет со земјишта и згради (Службен весник на СРМ" број 10/79, 18/89, 21/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 71/96 и 18/99) и Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на Република Македонија" број 20/74 и 14/75), а во врска со член 14 став 2 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ", бр. 4/05, бр.13/07, бр.165/08, бр. 146/09, бр. 18/11, бр.51/11, бр.27/14, 144/14, 153/15, 178/16 и 120/18) кој гласи: Градежното земјиште може да се приватизира во површина на стекнатото право на користење, а во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.*

Според УИПР Карпош, неспорно е дека барањето се однесувало на двете наведени парцели, коишто и двете се дел од градежната парцела.

Укажале дека не било точно тврдењето дека сите дејствија се однесуваат само на КП ---- КО ----, туку и за КП ---- КО ----, а тоа било видно и од самите прибрани докази и тоа Уверение за историски преглед каде што е утврдено дека КП ---- КО ---- е во државна сопственост и право да го отуѓи има сопственикот на објектот на градежната парцела.

Согласно целата документација која е приложена и анализирана произлегува дека, сите списи заедно со решението за приватизација задолжително како повисок орган ги разгледува и Државното правобранителство на Република Северна Македонија при што истите најпрво поднеле жалба заведена под 2УП.бр. ---- од ---- година, со насоки да се даде појаснување кое е дадено од страна на УИПР Карпош со допис бр. ---- од ---- година.

Од доставената документација се утврдува дека Државното правобранителство на Република Северна Македонија го повлекло поднесокот жалба и утврдило дека се отстранети сите забелешки и исполнети се во целост сите услови за приватизација. Согласно наведеното не се потврдуваат наводите за незаконска приватизација на катастарската парцела.

Исто така укажуваме дека дополнително, надлежен орган за решавање по жалби поднесени против решенија за приватизација е Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата